Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), член 11 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) како и одредбите од Правилникот за критериумите за селекција на кандидати за вработување во Територијалната противпожарна единица Демир Хисар бр.08-1241/1 од 29.09.2022 година, Општина Демир Хисар објавува

ЈАВЕН ОГЛАС бр.01/2026

За вработување на неопределено време на овластени службени лица во областа на безбедноста-професионални пожарникари во Општина Демир Хисар за следните работни места:

1.Пожарникар спасител-водич на група со шифра ПОЖ0210В02000, ниво В02, во Територијалната противпожарна единица Демир Хисар, еден (1) извршител.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:

**Општи услови:**

-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да е здравствено и психофизички способен за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

-ниво на квалификациите IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование,
-за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување како работен стаж,

**Општи работни компетенции:**

-учење и развој, комуникација, остварување на резултати, работење со други/тимска работа и ориентираност кон засегнатите страни.

**Други посебни услови:**

-положен возачки испит од Ц категорија.

Кандидатите се должни покрај пријавата за вработување по јавниот оглас да достават кратка биографија и мотивациско писмо како и докази за исполнување на горенаведените услови за вработувањето во оригинал или копија заверена на нотар и тоа:

-диплома за завршено образование,
-доказ за државјанство,
-доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност,
-доказ за здравствена и психофизичка способност утврдено од овластена здравствена установа согласно со закон,
-доказ за работно искуство и
-доказ за поседување на возачка дозвола од Ц категорија.

Паричниот износ на основната нето плата за работното место пожарникар спасител водич на група изнесува 33.163,оо денари.

Работното време е во смени/турнуси од понеделник до недела од 7 до 19 и од 19 до 7 часот и тоа 12 часови работа, 24 часа одмор, 12 часа работа, 48 часови одмор.

2.Пожарникар спасител, со шифра ПОЖ0210В04000, ниво В04, во Територијалната противпожарна единица Демир Хисар, двајца (2) извршители.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:

**Општи услови:**

-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,

-да е полнолетен,
-да е здравствено и психофизички способен за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

-ниво на квалификациите IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование,
-за нивото В4 со или без работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување како работен стаж,

**Општи работни компетенции:**

-учење и развој, комуникација, остварување на резултати, работење со други/тимска работа и ориентираност кон засегнатите страни.

**Други посебни услови:**

-положен возачки испит од Ц категорија.

Кандидатите се должни покрај пријавата за вработување по јавниот оглас да достават кратка биографија и мотивациско писмо како и докази за исполнување на горенаведените услови за вработувањето во оригинал или копија заверена на нотар и тоа:

-диплома за завршено образование,
-доказ за државјанство,
-доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност,
-доказ за здравствена и психофизичка способност утврдено од овластена здравствена установа согласно со закон,
-доказ за работно искуство и
-доказ за поседување на возачка дозвола од Ц категорија..

Паричниот износ на основната нето плата за работното место пожарникар спасител изнесува 32.204,оо денари.

Работното време е во смени/турнуси од понеделник до недела од 7 до 19 и од 19 до 7 часот и тоа 12 часови работа, 24 часа одмор, 12 часа работа, 48 часови одмор.

Кандидатите пријавата за вработување може да ја подигнат од архивата на Општина Демир Хисар или да ја превземат од интернет страницата на општината www.demirhisar.gov.mk. Пријавата содржи основни лични податоци на кандидатот: име и презиме, адреса на живеење, контакт телефон, контакт емаил, ЕМБГ, број на лична карта и своерачен потпис.

Кандидатите бараните документи да ги достават до архивата на Општина Демир Хисар на адреса ул.„Битолска“ бр.8 Демир Хисар со назнака: пријава „за јавен оглас бр.1/2026.“ Лице за контакт: Јасмина Василеска Перчаковска, тел.047 552 661.

Рокот за пријавување изнесува осум (8) дена од денот на објавување на огласот.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на поднесување на пријавата.

Доколку кандидатот не доставил комплетна документација, доставил лажна документација или ја доставил ненавремено, пријавата ќе се отфрли.

Постапката за селекција ја води комисија за селекција формирана од градоначалникот на Општина Демир Хисар а се спроведува во три фази и тоа: проверка на пријавата и веродостојност на доказите во рок од 8 дена од истекот на рокот на пријавување на огласот, проверка на физичката способност во рок од 5 дена од објавувањето на записникот од првата фаза на интернет страницата на општината и интервју во рок од 5 дена од објавувањето на записникот од втората фаза на интернет страницата на општината, согласно Правилникот за критериумите за селекција на кандидати за вработување во Територијалната противпожарна единица Демир Хисар.

Комсијата изготвува записник со конечна ранг листа, истата ја објавува на интернет страницата на општината и ја доставува до градоначалникот кој врши избор во рок од 15 дена од добивањето на записникот со конечната ранг листа.

**Напомена:** Избраниот кандидат по овој оглас има обврска во рок од една (1) година од денот на вработувањето, да се стекне со сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука, во спротивно му престанува вработувањето.

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Најдовски Никола